03 24.01.2024

Република Северна Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

јануари 2024 година

29-12-2023

**АРХИВСКИ БРОЈ:** 103 – 283/19

**ДО:** **УКИМ Земјоделски институт – Скопје**

**Ул.16-та Македонска Бригада бр.3А Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** **Решение за давање на јавно овластување за вршење на задачи од областа на здравјето на растенијата**

Фитосанитарната управа при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, врз основа на член 67 став (3) од Законот за здравјето на растенијата („Службен Весник на Република Македонија" 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15, 39/16, 83/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.150/21) и по претходно објавен Јавен конкурс за давање на јавно овластување го донесе следново:

**Р Е Ш Е Н И Е**

(1) На правното лице **УКИМ Земјоделски институт** од Скопје со седиште на **ул.16-та Македонска Бригада бр.3А Скопје**, со **ЕДБР 4043009100062**, му се дава јавно овластување во времетраење од 3 (три) години за вршење на следниве задачи:

- следење, прогнозирање, детерминирање и одредување на мерки за заштита од штетни организми;
- анализа и евалуација на статусот на здравјето на растенијата со цел дефинирање на појавеноста и ширењето на штетни организми во земјата и надвор;
- подготвување процени на ризикот во случај на ризик од појава или откривање на нови штетни организми, давање технички инструкции и мерки;
- елаборирање на технички бази на податоци при утврдување на заразени области, области под закана од напад, посебно регулирани области и заштитени зони;
- спроведување мерки за спречување, сузбивање и истребување на штетни организми;

(2) Стручниот кадар кој ги извршува задачите за кои се дава јавно овластување го сочинуваат следниве лица:

- Проф.д-р Слободан Банџо
- Проф.д-р Гордана Глаткова
- Виш научен сор. д-р Катерина Банџо Орешковиќ

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Правното лице УКИМ Земјоделски институт од Скопје со седиште на ул.16-та Македонска Бригада бр.3А Скопје поднесе пријава со архивски број 103-283/9 на ден 28.11.2023 година за добивање на јавно овластување за вршење на задачи од областа на здравјето на растенијата, врз основа на Јавниот конкурс за давање на јавно овластување објавен во 2 (два) дневни


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477 www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

весника и на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 15.11.2023 година.
По отварањето на доставената понуда, како и по спроведената евалуација од страна на Комисијата за спроведување на постапката за отварање и оценување на доставените пријави по јавен конкурс за избор на носители на јавни овластувања од областа на здравјето на растенијата се утврди дека подносителот на пријавата ги исполнува општите услови утврдени во член 67 од Закон за здравјето на растенијата, како и поблиските услови утврдени со Правилникот за поблиските услови во однос на просториите и опремата за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата („Службен весник на РМ" бр.12/2011 и 60/2015).
Средствата за извршување на јавните овластувања ќе бидат обезбедни од годишната Програма за фитосанитарна политика.

Од напред наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 30 дена од денот на добивањето на ова решение.

**МИНИСТЕР**
**Љупчо Николовски**

Изработил: Ивица Ангеловски
Одобрил: Надица Џерковска
Согласен: Др Ментор Зеќири / Dr Mentor Zeqiri

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ СКОПЈЕ

| Примено: 24.01.2024 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09 | 38 | 1 | |


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015